Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а во врска со член 15 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија", бр.90/2009, 188/13), и член 15 став 1 алинеја 19, член 39 став 1 алинеја 10, и член 85 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот бр.02-6271/6 од 18.12.2014 година, на 22-та седница одржана на 18.12.2014 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за формирање работна група**

1. Се формира работна група, која ќе изработи Нацрт - Стратегија за управување со ризик во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во која ќе биде опфатено утврдување, процена и контрола на можните настани или состојби кои може да имаат негативно влијание врз постигнувањето на целите на Агенцијата, заради обезбедување разумно уверување дека целите ќе бидат остварени.

Работната група наведена во став 1 од оваа точка на одлуката ја сочинуваат раководителите на сите организациони единици во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со исклучок на раководителот на Одделението за внатрешна ревизија.

2. Нацрт - Стратегијата за управување со ризик на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведена во точка 1 од оваа одлуката, работната група, е должна да ја изработи во рок од 180 (стоосумдесет) дена, од денот на нејзиното формирање.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а во врска со член 15 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија", бр.90/2009, 188/13), и член 15 став 1 алинеја 19, член 39 став 1 алинеја 10, и член 85 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот бр.02-6271/6 од 18.12.2014 година, на 22-та седница одржана на 18.12.2014 година, а со цел да се исполни обврската која произлегува од член 15 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија", бр.90/2009, 188/13), донесе одлука со која се формира работна група, која ќе изработи Нацрт - Стратегија за управување со ризик во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во која ќе биде

опфатено утврдување, процена и контола на можните настани или состојби кои може да имаат негативно влијание врз постигнувањето на целите на Агенцијата, заради обезбедување разумно уверување дека целите ќе бидат остварени.

Работната група наведена во став 1 од оваа точка на одлуката ја сочинуваат раководителите на сите организациони единици во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со исклучок на раководителот на Одделението за внатрешна ревизија.

Нацрт - Стратегијата за управување со ризик на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведена во точка 1 од оваа одлуката, работната група, е должна да ја изработи во рок од 180 (стоосумдесет) дена, од денот на нејзиното формирање. Врз основа на сето погоре наведено, се донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 02-6378/1

18.12 2014 година

Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател на Совет,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

Примерок од одлуката да се достави до:

- Директорот на Агенцијата;
- Членовите на работната група;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - Архивата.